**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1164**

**Скопје, 1 март 2018 година**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ДЕФЕНДОЛОГИЈА, ИНТЕГРАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕОРИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет-Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и Коха од 29.12.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): дефендологија, интегрална безбедност и општа криминалистичка теорија и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-204/1, донесена на 24.1.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Оливер Бакрески, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Стојан Славески, редовен професор на Европскиот универзитет во Скопје и д-р Борис Мургоски, редовен професор на Факултетот за безбедност во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): дефендологија, интегрална безбедност и општа криминалистичка теорија, во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Тања Милошевска, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

### 9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Тања Милошевска е родена на 2.10.1976, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за одбрана. Дипломирала во 2001 година, со просечен успех 9.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2003/2004 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2007 година, со просечен успех 9,70. На 21.5.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Безбедносните имликации на организираниот криминал врз националната безбедност на Република Македонија* .

Докторска дисертација пријавила во 2008 година на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Модели на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал* ја одбранила на 4 април 2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Митко Котовчевски (ментор), проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Тони Милески. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област одбрана.

На 40. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 2.7.2013 година избрана е во звањето доцент за научните области (дисциплини): полемологија, дефендологија и интегрална безбедност.

2. Називите на трудовите со податоци за списанијата во коишто се објавени се дадени во Анекс

Во најголем дел од нив, односно во трудовите( со р. бр. 3, 4, 5, 17, 22, 23, 26, 34, 38 ) во анекс 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатката д-р Тања Милошевска, како автор, презентира вредни сознанија од анализи на комплексни проблеми од областа на интегралната безбедност за променливата природа на феноменот глобален тероризам.

Таа е автор и коавтор и на трудови (р. бр. 8, 14, 21, 28, 30 33, 35) во кои се испитуваат појави од областа на општата криминалистичка теорија. Освен тоа д-р Милошевска е авторка на кои се испитува поврзаноста помеѓу организираниот криминал и трговијата со луѓе (р. бр. 20, 31, 36), како и на трудови (со р. бр. 10, 12, 16, 19, 39) во кои се презентираат сознанија за променливата меѓународна безбедносна средина.

Во рефератот за избор на кандидатката се одбрани неколку трудови кои се однесуваат на наставно-научните области за кои се врши изборот.

Во трудот „Global suicide terrorism" (р. бр. 4 во Анекс 2), кандидатката, следејќи ја анализата на тероризмот и трендот на самоубиствениот тероризам, објаснува дека самоубиствените напади се радикално засилени и претворени во глобален феномен. Кандидатката ја потенцира способноста на самоубиствениот тероризам да се перципира како реакција на странска окупација, а не само како творба на исламскиот фундаментализам, што има значителни импликации за тоа како владите треба да ја водат војната против тероризмот.

Во трудот „Terrorist violence and the role of media" (р. бр. 22 во Анекс 2), кандидатката ја истражува улогата на медиумите во терористичка средина, честата интеракција помеѓу медиумското известување и употребата на насилство од страна на екстремистичките движења. Целта на овој труд е поблиску да ги истражи типот на односи, кои можат да се формираат помеѓу терористичките групи и медиумите. Концептите на информацијата како моќ и медиумскиот ориентиран тероризам кандидатката ги дефинира и ги истражува, како одлучувачки рефлексии во разбирањето на улогата на медиумите.

Може да се издвои и трудот „Re-conception of transnational organized crime as a security threat-expanded approach to security" (р. бр. 30 во Анекс 2), во којшто е анализиран транснационалниот организиран криминал како „мека" безбедносна закана која не претставува директна, односно воена закана за државата, туку на индиректен начин ги загрозува нејзините основни вредности доведувајќи до внатрешна нестабилност. Кандидатката потенцира дека транснационалниот организиран криминал како безбедносен предизвик бара меѓународен одговор кој подразбира воена, полициска и правосудна соработка, но една од основите препреки на воспоставување на соработката претставува зачувувањето на суверенитетот.

Во трудот „The links between women trafficking and organized crime in the post-Yugoslav societies" (р. бр. 31 во Анекс 2), кандидатката се фокусира на главните аспекти и трендови во трговијата со жени и го проширува знаењето за активностите спроведени од трговците со луѓе, со фокус на врските со организираниот криминал. Целта на кандидатката во овој труд е да се истражи трговијата со жени во постјугословенските општества и да се добие подобро разбирање за овој феномен кој претставува еден од безбедносните проблеми за овој регион, односно повеќе истражувања во оваа област ќе овозможат сеопфатно

*and Challenges*, 2016; Зборник на трудови од меѓународна научна конференција *The Balkans between East and West: Old and/or New Security Challenges* на Институтот за безбедност, одбрана и мир, 2017.

-член е на уредувачкиот одбор на списанието *Годишен зборник* на Филозофскиот факултет (р. бр. 1 од Анекс 2);

-уредник на меѓународното научно списание Security dialogues (Безбедносни дијалози) (р. бр. 14 од Анекс 2).

Особена активност кандидатката д-р Тања Милошевска покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Филозофскиот факултет во Скопје.

- Комисија за организирање и спроведување на Отворен ден на УКИМ (2013/2014 година);
- Член на работна група-факултетска конкурсна комисија за спроведување на приемни испити 2013/2014 и 2016/2017;
- Член на поткомисија за евалуација на студиски програми на Филозофскиот факултет во Скопје во учебната 2014/2015 година.

Д-р Тања Милошевска била член на организациониот одбор на меѓународната стручна конференција ICCS 2017: 19 th International Conference on Counterterrorism Strategy, Berlin, Germany, 2017; член на меѓународен стручен собир-конференција ICNSP 2017: 19 th International Conference on National Security and Politics, Paris, France, 2017; член на организационен одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1) International Conference on Organ Transplantation, London, United Kingdom, May 2015.

Преку учество во стручно-апликативната дејност, д-р Тања Милошевска постигнала **45 поени**, со што го надминува предвидениот минимум од 5 поени според критериумите во член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Тања Милошевска во учебната 2014/2015 доби позитивна оценка 9,55 за предметот Организиран криминал и 9,01 за предметот Глобален тероризам.

Во учебната 2013/2014, исто така доби позитивна оценка 9,66 по предметот Невоени аспекти на безбедноста, оценка 9,61 по предметот Организиран криминал, оценка 9.1 по предметот Национална безбедност и оценка 9,35 по предметот Полемологија. Просечната оценка изнесува 9,38 од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Тања Милошевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Тања Милошевска поседува научни и стручни квалитети

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНОИ СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Тања Миливоје Милошевска

**Институција:**

Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје

**Научна област:**

*ДЕФЕНДОЛОГИЈА, ИНТЕГРАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, ОПШТА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕОРИЈА*

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **2013/2014** (зимски)<br>Предавања 6 x 15 x 0.04=3.6<br>Вежби 16 x 15 x 0.03 =7.2<br>**2013/2014** (летен)<br>Предавања 3 x 15 x 0.04=1.8<br>Вежби 7 x 15 x 0.03 =3.15 | **15.75** |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Предавање 2015/2016<br>одржување на настава од втор циклус на студии 12 X 3 X 0.05=1.8 | **1.8** |
| 8 | Предавање 2016/2017<br>одржување на настава од втор циклус на студии 12 X 3 X 0.05=1.8 | **1.8** |
| 9 | Консултации со студенти (2013/2014) 650 x 0.002 | **1.3** |
| 10 | Консултации со студенти (2014/2015) 350 x 0.002 | **0.7** |
| 11 | Консултации со студенти (2015/2016) 220 x 0.002 | **0.4** |
| 12 | Консултации со студенти (2016/2017) 125 x 0.002) | **0.25** |
| 13 | Ментор на дипломска работа 50 x 0, 2 | **10** |
| 14 | Ментор на магистерска работа 5 x 1 | **5** |
| 15 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 60 x 0, 1 | **6** |
| 16 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 5 X 0,5 | **2.5** |
| 17 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 15 x 0,3 | **4.5** |
| | **Вкупно** | **88.4** |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 7. | Усна презентација на меѓународна научна конференција: 'Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија", со реферат: ***Глобализацијата како акцелератор на транснационалниот организиран криминал***, Универзитет 'Евро-Балкан"-Скопје, 2013. | 1 |
| 8. | ***Глобализацијата како акцелератор на транснационалниот организиран криминал***, Универзитет 'Евро-Балкан"-Скопје, 2013. Удк: 349.9.02-027.511. | 2.7 |
| 9. | Учество на меѓународен научен/стручен симпозиум "International symposium on terrorism and transnational crime- Approaches in strategic security", со реферат/орална презентација "***The links between women trafficking and organized crime in post-Yugoslav societies***", Antalya, Turkey, decembar 2013. | 1 |
| 10. | "***The Success of Democratization in Post Arab Spring Socities***", International Journal of Social Sciences, ISSN: 1804-980X, IJoSS Vol. III / No.1 / 2014 | 3.6 |
| 11. | Учество на меѓународна научна конференција со реферат/усна презентација: "***The interest of the states for membership in international organizations: Case of Macedonian interest for membership in NATO***", Royal Danish Defence College, Copenhagen, Denmark, 2013. | 1 |
| 12. | ***Global Hybrid Asymmetric Threats***, Security Forum 2014, Volume of Scientific Papers, Banska Bystrica, Slovakia, 2014. ISBN 978-80-557-0677-1 | 3.6 |
| 13. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат/ усна презентација "***The role of security sector against human trafficking in the Republic of Macedonia***", The International | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Changing Conflict Environment***, European University, ISBN 978-608-4574-62-0, Macedonia, 2014. | |
| 20. | ***The role of security sector against human trafficking in the Republic of Macedonia***, (co-author), The International Institute of Social and Economic Sciences, Conference proceedings 9 th International Academic Conference, ISBN 978-80-87927-00-7, IISES, 2014. | 3.6 |
| 21. | ***Анализа на структурата на криминалните организации***, Годишен зборник, Филозофски факултет, книга 67, Скопје 2014. ISSN 0350-1892 | 2 |
| 22. | ***Terrorist violence and the role of the media***, Contemporary Macedonian Defence, Vol. 14, No. 27, December 2014. | 3.6 |
| 23. | ***The role od police in counterterrorim***, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Institute of security, defence and peace, Vol.5, Number 1, 2014, ISSN 1857-7172. | 4 |
| 24. | ***Comparative analysis of the legislature of the private security sector of certain countries of the European Union***, International Yearbook, Faculty of Security, Skopje, 2014, ISSN: 1857-6508 | 2.7 |
| 25. | *Учество на меѓународна научна конференција со реферат/ усна презентација:* ***The Balkans as a Prominent Transshipment Point of a Human Smuggling Networks***, *International Scientific Conference "Facing Social Traumas: A Challenge for Sociological Research", University "Ss. Cyril and Methodius -Skopje, Macedonia, 2015.* | 1 |
| 26. | ***Економски модел на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал***, Годишен | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 33. | *Учество на меѓународна научна конференција со реферат/ усна презентација:* ***The role of Private Security Companies in Crime Prevention****, International Scientific Conference "Private security in the 21 st century: experienes and challenges", University "Ss. Cyril and Methodius -Skopje, Ohrid, Macedonia, 2016.* | 1 |
| 34. | Зборник на трудови од меѓународна научна конференција: Приватната безбедност во XXI век: искуства и предизвици, ***The role of Private Security Companies in Crime Prevention,*** Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, 2016. 351.746.5 (082). | 3 |
| 35. | ***Соработка и формирање на стратегиски сојузи помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал***, Годишен зборник, Филозофски факултет, книга 69, Скопје 2016. ISSN: 0350-1892 | 2 |
| 36. | ***The discourse and changing face of organized crime,*** Vol. II, University "St. Kliment Ohridski"-Bitola; Faculty of Security-Skopje, Macedonia, Skopje, 2016. | 2.7 |
| 37. | *Учество на меѓународна научна конференција со реферат/ усна презентација:* ***The Balkan as a prominent point for human smuggling networks****, International Academic Conference, University of Freiburg, Freiburg, Germany, 2016.* | 1 |
| 38. | ***The Balkan as a prominent point for human smuggling networks,*** Humanities and Social Sciences Review, Volume 06, Number 02, 2016. ISSN: 2165-6258, 2017. | 3.6 |
| 39. | ***The specific context of the security sector reform in the Republic of Macedonia,*** Vol. I, University "St. Kliment Ohridski"-Bitola; Faculty of Security-Skopje, Macedonia, Skopje, 2017. | 2.4 |
| 40. | ***Идентификација на изворите на финансирање на Исламската држава***, Годишен зборник, Филозофски факултет, книга 70, Скопје 2017. ISSN: 0350-1892 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Монографија "Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал", Филозофски факултет, 2014. | 8 |
| 6 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1) International Conference on Organ Transplantation, London, United Kingdom, May 2015. | 1 |
| 7 | Реформи во одбраната, Министерство за одбрана, Република Македонија, (проект/книга), коавтор, Скопје, 2015. | 7 |
| 8 | Член на програмски одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1) 18th International Conference on Chemical and Biological Terrorism Defence, July 2016, Zurich, Switzerland. | 1 |
| 9 | Монографија „Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал" (второ изменето и дополнето издание), Филозофски факултет, 2016. | 8 |
| 10 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1): „Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice ", септември 2015 година. | 1 |
| 11 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1); "PRIVATE SECURITY IN THE 21ST CENTURY: EXPERIENCES AND CHALLENGES", септември 2016 година. | 1 |
| 12 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир (1x1=1); „The Balkans between East and West: Old and/or New Security Challenges", септември 2017 година. | 1 |
| 13 | Член на организационен одбор на меѓународен стручен собир-конференција ICNSP 2017: 19 th International Conference on National Security and Politics | 1 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Оливер Бакрески с.р**

2. **Проф. д-р Стојан Славески с.р**

3. **Проф. д-р Борис Мургоски с.р**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО**

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-39/8
03-04-2018 год.

Врз основа на член 63, 125 и 134 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009; бр.83/2009, бр.99/2009; бр.115/2010, бр.17/2011, бр.51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016/, 120/2016 и 127/2016) и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. бр.1164/332 од 01.III 2018 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VIII редовна седница, одржана на 28.III 2018 година, донесе

# О Д Л У К А
за избор на наставник

**Член 1**

**Д-р Тања Милошевска**, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје, **се избира** во наставно-научно звање **вонреден професор** за наставно-научните области (дисциплини): дефендологија, интегрална безбедност и општа криминалистичка теорија, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избрана, сметано од 28.III 2018 година.

**Член 2**

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените области (дисциплини) како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 29. XII 2018 година, како единствен кандидат се пријави: д-р Тања Милошевска.

Во изготвениот извештај од страна на Рецензентската комисија со бр. 04-39/5 од 14.02.2018 год., беше предложен кандидатот д-р Тања Милошевска за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 28. III 2018 година го разгледа и прифати извештајот и предлогот на Рецензентската комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Оделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Изготвил: м-р Игор Панев
Одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески